РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање на мислење во однос на тоа дали в.д. директор на ООУ, може да врши исплата за тековен договор на фирма чиј основач е син на негов прв братучед, имајќи предвид дека договорот за извршување на градежни работи е затекнат од него како в.д. директор и склучен со претходниот директор на училиштето.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес. Имено, согласно цитираниот член, син на прв братучед на службено лице не претставува блиско лице.

Од друга страна, Државната комисија укажува на член 72 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите кои го предвидуваат следното:

*Член 72*

*„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.*

*Член 75*

(1) *Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."*

Имено, Државната комисија укажува на потребата в.д. директорот на ООУ да се **иззема** од потпишувањето на било какви документи поврзани за наведената фирма и за истото да овласти друго лице, со цел избегнување на состојба која би предизвикала судир на интереси.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk